**20181632977**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР, НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ – V ФАЗА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2018 година.

Бр. 08-5119/1
3 септември 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ФИНАНСИСКИОТ ДОГОВОР, НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ – V ФАЗА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА И МАКЕДОНСКАТА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

Член 1

Република Македонија го гарантира исполнувањето на обврските од Финансискиот договор за обезбедување на заем за Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза во износ од 100.000.000 евра, кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот, доколку Македонската банка за поддршка на развојот не ги исполнува и сервисира обврските во рокови и услови предвидени во Финансискиот договор.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Финансиски договор кој ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Македонската банка за поддршка на развојот по Проектот за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза.

Член 3

Сите финансиски обврски кои произлегуваат од Финансискиот договор од членот 1 од овој закон ќе ги сервисира Македонската банка за поддршка на развојот.

Член 4

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлекува во најмногу 20 транши. Минималниот износ на траншата изнесува 5.000.000 евра.

Рокот за отплата на секоја транша од заемот може да изнесува од најмалку четири години до најмногу дванаесет години од датумот на повлекување на траншата, со вклучен грејс период кој може да биде меѓу 30 дена и четири години од датумот на повлекување на траншата.

Рокот за отплата на заемот ќе се одреди за секоја транша одделно на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Македонската банка за поддршка на развојот.

Траншата може да се отплати и еднократно на ден кој е помеѓу три и пет години од денот на повлекување на траншата.

Член 5

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Македонската банка за поддршка на развојот.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски, кои произлегуваат од Финансискиот договор и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Македонската банка за поддршка на развојот ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.